**20140190592**

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ**

Врз основа на член 417 алинеја 9 од Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата („Службен весник на Република Македонија“ број 54/07, 86/08, 98/08, 64/09, 161/09, 36/11, 51/11 и 114/12), министерот за внатрешни работи донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА НАЧИНОТ НА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ВОЗАЧКИТЕ ИСПИТИ И КРИТЕРИУМИТЕ ВО ОДНОС НА ПРОСТОРНИТЕ УСЛОВИ И МАТЕРИЈАЛНО-ТЕХНИЧКАТА И ИНФОРМАТИЧКАТА ОПРЕМА НА ИСПИТНИТЕ ЦЕНТРИ, ВОДЕЊЕТО НА ЕВИДЕНЦИИТЕ ВО ВРСКА СО СПРОВЕДЕНИТЕ ВОЗАЧКИ ИСПИТИ И ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ЛИЦЕНЦАТА ЗА ИСПИТЕН ЦЕНТАР

Член 1

Во Правилникот за начинот на спроведување на возачките испити и критериумите во однос на просторните услови и материјално-техничката и информатичката опрема на испитните центри, водењето на евиденциите во врска со спроведените возачки испити и за формата и содржината на лиценцата за испитен центар („Службен весник на Република Македонија“ број 103/07, 150/07, 127/09, 80/10, 46/11 и 90/12), во член 30, во став (3), точката 1) се менува и гласи:

„1) поаѓање од место, одржување на правецот на движење и рамнотежа при возење и давање на соодветни знаци со рака, движење напред по обележана права линија во должина од 30 m и ширина од 25 cm со промена од прв во втор степен на пренос, излегување од линијата и враќање во истата со слободно вртење во втор степен на пренос од десно на лево со застанување во обележан простор од 1 m со предното тркало пред стоп линијата, стапнување со нога на патот, поставување на степенот на пренос во неутрална положба, слегување од мотоциклот и туркање напред од просторот на вежбата;“

По точката 1) се додава нова точка 2) која гласи:

„2) движење меѓу осум конуси во обележана лента широка 2 m во должина од 30 m;“

Точката 2) станува точка 3).

Во ставот (4) зборовите „ставот 2 точка 2“ се заменуваат со зборовите „став (3) точка 3“.

Член 2

Членот 32 се менува и гласи:

„Член 32

(1) На првиот практичен дел од возачкиот испит од член 31 став (1) од овој правилник, кандидатот за возач треба да покаже дали може да го подготви возилото за возење и со истото правилно да ги изведува особено следните дејствија:

1) поаѓање со возилото од место, одржување на правец на движење напред во сообраќајна лента широка 2.5 m и во должина од 36 m, промена од прв во втор степен на пренос и застанување пред обележана линија, за запирање за возило од категорија „Б“, односно сообраќајна лента широка 3.5 m и во должина од 36 m, со промена од втор во трет степен на пренос и застанување пред обележана линија за запирање на возилото на пропишан и безбеден начин, за возила од останатите категории и поткатегории;

2) возење назад и движење по средина на сообраќајната лента широка 2.5 m и во должина од 36 m и застанување пред обележана линија за запирање за возила од

категорија „Б“, односно сообраќајна лента широка 3.5 m за возила од останатите категории и поткатегории;

3) полукружно свртување на возило од категорија „Б“ со најмногу три полни маневри на простор широк 6 m за возила со должина до 4 m, односно полукружно свртување на возило од категорија „Б“ во определен простор широк 7 m за возила поголеми од 4 m. Полукружно свртување за возила од категориите „Ц“ и „Д“ и поткатегориите „Ц1“ и „Д1“, како и националната категорија „Ф“, со најмногу четири полни маневри, на сообраќајна лента широка 3.75 m со користење на страничен пат широк 5 m;

4) паркирање на возило од категорија „Б“ покрај раб на коловозот со движење назад во определен простор широк 2 m и во должина 6 m односно за возила со должина до 4 m, во определен простор широк 2 m и во должина 7 m за возила со должина поголема од 4 m, кој се означува со поставување на вертикални граничници од пластика или гума. Паркирање на возило од категорија „Ц“, национална категорија „Ф“ и поткатегорија „Ц1“, косо покрај работ на коловозот кој се означува со поставување на вертикални граничници од пластика или гума во правец на движење на возилото, со движење назад во определен простор широк 3.75 m, односно за категорија „Д“ и поткатегорија „Д1“, косо со движење напред во определен простор широк 4 m и излегување назад со вклучување во сообраќајна лента и движење напред кој се означува со поставување на вертикални граничници од пластика или гума во правец на движење на возилото и

5) запирање и поаѓање со возилото на површина на угорнина со употреба на помошна сопирачка за возилата од категориите „Б“, „Ц“, „Д“, поткатегориите „Ц1“ и „Д1“ и националната категорија „Ф“.

(2) Означување на просторот за изведување на дејствијата од став (1) на овој член, се врши со поставување на вертикални граничници од пластика или гума во висина од 110 cm за возила од категорија „Б“, односно во висина од 150 cm за возила од категориии „Ц“ и „Д“, поткатегории „Ц1“ и „Д1“ и националната категорија „Ф“, кои се обоени со бела и црвена боја и се поставуваат на крајните точки од обележаните вежби.

(3) Возачкиот испит од став (1) на овој член, испитната комисија го спроведува со непосредно следење на кандидатот при изведување на дејствијата со возилото.

(4) Возачкиот испит од став (1) на овој член, односно изведените дејствија со возилото на кандидатот за возач за време на испитот се снимаат со соодветен уред кој овозможува видео и аудио запис со можност за документирање и архивирање на снимените податоци кои се чуваат во испитниот центар не подолго од 30 дена од денот на полагањето на испитот.“

Член 3

Во член 33 по ставот (2) се додава нов став (3) кој гласи:

„(3) Вториот практичен дел од возачкиот испит, односно изведените дејствија со возилото на кандидатот за возач од став (2) на овој член, се снимаат со соодветен уред кој овозможува видео и аудио запис со можност за документирање и архивирање на снимените податоци кои се чуваат во испитниот центар не подолго од 30 дена од денот на полагањето на испитот.“

Член 4

По членот 33 се додава нов член 33-а кој гласи:

„Член 33-а

Уредите кои овозможуваат видео и аудио запис со можност за документирање, архивирање и чување на снимените податоци од членовите 32 став (4) и 33 став (3) од овој

правилник, се поставуваат на соодветно место на предниот дел во возилото со кое испитната комисија врши спроведување на возачкиот испит."

Член 5

Во членот 34, бројот „15" се заменува со бројот „25".

Член 6

Во член 40, во ставот (2) по зборовите „ги доставува до" се додаваат зборовите „автошколите од подрачјето на седиштето на испитниот центар и".

По ставот (2) се додава нов став (3), кој гласи:

„(3) Испитниот центар непосредно по спроведениот возачки испит, постигнатите резултати од полагањето на кандидатите за возачи (лично име, татково име и име на автошколата) ги објавува на својата веб страна во рок не подолг од 30 дена, притоа истиот и ги ажурира."

Член 7

Во член 43, ставот (3) се менува и гласи:

„(3) Со евиденцијата од став (1) на овој член, не подолго од шест месеци се чуваат и аудио и видео записите архивирани на соодветен оптички медиум кои се направени при спроведување на теоретскиот дел на возачкиот испит согласно прописите за заштита на личните податоци."

Член 8

По членот 44 се додава нов член 44-а кој гласи:

„Член 44-а

Во однос на секоја операција или збир од операции што се изведуваат врз видео и аудио записите, како и врз личните податоци за кандидатите за возачи, а во врска со нивното собирање, внесување, евидентирање, ажурирање, организирање, чување, промена, повлекување, употреба, откривање преку пренесување, објавување или на друг начин правење достапни, блокирање, бришење или уништување, како и било која друга обработка на записите, односно личните податоци која произлегува согласно со овој правилник, се применуваат прописите за заштита на личните податоци."

Член 9

Обрасците бр. 1, 2 и 3 се заменуваат со нови Обрасци бр. 1, 2 и 3 кои се дадени во прилог, и се составен дел на овој правилник.

Образецот бр. 1-а е даден во прилог, и е составен дел на овој правилник.

Член 10

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

| | |
|---|---|
| Бр. 12.1-5154/1 | Министер |
| 21 јануари 2014 година | за внатрешни работи, |
| Скопје | м-р **Гордана Јанкулоска,** с.р. |

**Образец бр. 1**

**Испитен центар ______________________________ - ________________**

**ОЦЕНУВАЧКИ ЛИСТ**
**за прв практичен дел од возачкиот испит на**

**Кандидатот за возач,** ________________________________________
(име, татково име и презиме)

**Број на лична карта** ____________ **издадена од** ____ ____________________

**Датум на полагање** __________ **20** ___ **година, Испит за категорија/поткатегорија** ________________

| ДЕЈСТВА СО ВОЗИЛОТО И МОЖНИ НАПРАВЕНИ ГРЕШКИ | | НЕГАТИВНИ ПОЕНИ Маркирај во полето (X) | |
|---|---|---|---|
| **I.1** | **Поаѓање со возилото од место (пред обележана стартна линија), движење по обележана сообраќајна лента со менување од I во II степен на пренос за каегорија „Б“ и „Ф“ и од II во III степен на пренос за останати категории и подкатегории и запирање на возилото пред обележана линија за запирање СТОП (линија)** | | |
| **а.** | Стартување на возило | **20** | |
| **б.** | Стартување на моторот со вклучен степен на пренос | **20** | |
| **в.** | Поаѓање или движење со затегната помошна (рачна) кочница | **30** | |
| **г.** | Нагло пуштање на педалата на спојката или гаснење на моторот | **20** | |
| **д.** | Предвремено, задоцнето или нагло додавање и намалување на педалото за гориво и брзината на движење | **20** | |
| **ѓ.** | Неправилно или грубо менување на степените на пренос | **30** | |
| **е.** | Непроменување на степен на пренос од I во II или од II во III со пуштена педала на спојката и продолжување на движење со помалиот степен на пренос | **30** | |
| **ж.** | Газење со тркалата или преминување со габаритот на возилото преку обележаните надолжни или напречни обележани линии од соодветната сообраќајна лента | **51** | |
| **з.** | Неправилно застанување пред обележаната линија за запирање СТОП на растојание поголемо од една должина на возилото | **30** | |
| **I.2.** | **Движење со возило назад во обележаната сообраќајна лента и запирање пред обележаната напречна линија** | | |
| **а.** | Непотребно запирање на движењето на возилото | **20** | |
| **б.** | Вртење на управувачкото тркало (воланот) во место, кога возило е запрено | **20** | |
| **в.** | Газење со тркалата или преминување со габаритот на возилото преку обележаните надолжни или напречни линии од соодветната сообраќајна лента при движење назад | **51** | |
| **г.** | Неправилно застанување при движење назад пред обележаната напречна линија на растојание поголемо од една должина од возилото | **30** | |
| **II.** | **Полукружно свртување со возило** | | |
| **а.** | Газење со тркалото на возилото преку обележаните линии и димензионирата површина за полукружно свртување | **51** | |
| **б.** | Нагло пуштање на педалата на спојката или гаснење на моторот | **20** | |
| **в.** | Неправилно или грубо менување на степените на пренос | **20** | |
| **г.** | Вртење на управувачкото тркало (воланот) в место при запрено возило | **20** | |
| **д.** | Неуспешно полукружно свртување со определениот број маневри и тоа за: категорија „Б“ три, за подкатегории „Ц1“ и „Д1“, како и за категории „Ц“, „Д“ и Ф четири | **51** | |
| **III.** | **Паркирање на возило во определена паркинг површина** | | |
| **а.** | Неуспешен обид за паркирање пред влез на паркинг површина (се откажува) | **30** | |
| **б.** | Газење со тркалото на возилото преку обележана линија на определена паркинг површина или удар во столбче - граничник | **51** | |
| **в.** | Несиметрично паркирање во определена паркинг површина | **15** | |
| **г.** | Неуспешно паркирање и по вториот обид | **51** | |
| **IV.** | **Поаѓање со возилото на нагорнина со употреба на рачна (помошна) кочница** | | |
| **а.** | Неупотребување на рачната (помошната) кочница | **51** | |
| **б.** | Возилото не може да тргне напред или моторот се гаси | **30** | |
| **в.** | Враќање на возилото назад | **30** | |
| **г.** | Неуспешно поаѓање и по втор обид | **51** | |

**Вкупен број на негативни поени:** ________

**Кандидатот** ____________________________ **, овој дел од испитот:** **го полпжил / не го положил**
(непотребното да се прецрта)

**ИСПИТНА КОМИСИЈА:**
**Претседател:**__________________**, испитувач:**________________ **и член:**______________

**Испитен центар „ ______________________________" - __________________________**

**Образец бр. 1-а**

**ОЦЕНУВАЧКИ ЛИСТ**

за практичен дел ( полигон) од возачкиот испит за А категорија на

**Кандидатот за возач,** ______________________________________________________________________

(име, име на родител и презиме)

**Број на лична карта** __________________ **издадена од СВР -** ______________________________________
**Дата на полагање** _______________ ***20*** ___ **година, Испит за категорија/поткатегорија** ________________________________

| **ДЕЈСТВА СО ВОЗИЛОТО И МОЖНИ НАПРАВЕНИ ГРЕШКИ** | **НЕГАТИВНИ ПОЕНИ**<br>Маркирај во полето (X) |
|---|---|

| | | | |
|---|---|---|---|
| ***I.1.*** | **Поаѓање со возилото од место, одржување правец и рамнотежа при движење по права линија со должина од 30 метри и ширина од 0,25 метри со промена од прв во втор степен на пренос** | | |
| **а)** | Стартување на моторот во работа со вклучен степен на пренос | **20** | |
| **б)** | Предвремено, закаснето или нагло пуштање на педалото на спојката или гасење на моторот | **20** | |
| **в)** | Неправилно седење и држење на телото на возилото (седи искривено или неправилно го држи телото - наведнато напред , односно назад) | **20** | |
| **г)** | Неправилно изведување на дејствијата со раце и нозе при менување на степен на пренос (гледа во управувачот и рачните команди, односно менувачот на степените на пренос) | **20** | |
| **д)** | Грубо менување на степените на пренос или неприлагодување на брзината на движење за променување согласно соодветниот степен на пренос | **30** | |
| **ѓ)** | Неменување од прв во втор степен на пренос на определената должина | **30** | |
| **е)** | Неодржување на правец или рамнотежа при движењето (излегува со најмалку едно тркало од ширината на обележаната линија или се допира со една или обете нозе на коловозната површина) | **51** | |
| **ж)** | Не застанување во определениот простор за запирање (пред стоп линијата за запирање со предното тркало) | **51** | |
| **з)** | Неправилно застанување со мотоциклот, слегување од него и истуркување надвор од просторот на обележаната линија | **20** | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **I.2.** | **Движење помеѓу 8 (осум) чунови во обележана површина (лента) со должина од 30 метри и ширина од два метри** | | |
| **а)** | Припомагање со најмалку една нога за одржување на правец по траекторија (патека) на движењето, односно допирање на коловозната површина | **30** | |
| **б)** | Гасење на моторот при движење | **20** | |
| **в)** | Застанување со возилото во просторот на обележаната површина | **30** | |
| **г)** | Газење или изместување на (еден) чун од предвидените позиции на истите со возилото (со нога или со мотоциклот) | **30** | |
| **д)** | Газење со најмалку едно тркало или преминување преку обележаните линии (надолжни рабни линии) од определената ширина | **51** | |
| **ѓ)** | Непоминување во определените простори помеѓу два чуна | **51** | |

**Вкупен број на негативни поени:** ____________

**Кандидатот** ________________________________________________, **овој дел од испитот**: **го полпжо/не го положи**
(непотребното да се прецрта)

**ИСПИТНА КОМИСИЈА:**

**Претседател:** _______________________________, **испитивач:** ________________________________ **и испитувач** ________________________________

**Образец бр. 2**

**Испитен центар „ ____________________________“ - _________________**

**ОЦЕНУВАЧКИ ЛИСТ**
за практичен дел од возачкиот испит за А категорија на

**Кандидатот за возач,** ______________________________________________________
(име, име на родител и презиме)

**Број на лична карта** _________________ **издадена од СВР -** ______________________________
**Дата на полагање** _______________ *20* ___ **година, Испит за категорија/поткатегорија** _______________________

| ВОЗЕЊЕ ВО И НАДВОР ОД НАСЕЛЕНО МЕСТО (практичен дел) |
|---|

| *I* | ДЕЈСТВА СО ВОЗИЛОТО И НАПРАВЕНИ МОЖНИ ГРЕШКИ | **НЕГАТИВНИ ПОЕНИ** *Маркирај во полето (X)* | |
|---|---|---|---|
| *II.1.* | ***Знаење и вештина за безбедно управување со возилото*** | | |
| а) | Предвремено закаснето или нагло пуштање на педалото на спојката | 20 | |
| б) | Неправилна употреба на командите и менување на степените на пренос | 30 | |
| в) | Неправилно држење или вртење со управувачот на возилото | 20 | |
| г) | Неправилна употреба на командите и сопирачките на возилото | 20 | |
| д) | Неправилно ракување или користење на командите за светлосно -сигнални уреди на возилото | 20 | |
| ѓ) | Не го следи сообраќајот околу себе и не ги користи возачките ретровизори | 20 | |
| е) | Неприлагодување на брзината кон состојбата на патот и сообраќајот | 30 | |
| ж) | Неправилно управување со возилото во кривина или раскрсница | 30 | |
| з) | Неправилно управување со возилото на надолнина | 20 | |
| ѕ) | Невнимателно однесување кон другите учесници во сообраќајот | 30 | |
| и) | Недржење на правец на движење, страна на движење или не се движи во пропишана сообраќајна лента за категоријата на возилото (мотоциклот) | 51 | |
| ј) | Неправилно движење со возилото на коловозот, во рамките на сообраќајната лента или преминување преку работ на коловозот | 51 | |
| к) | Предизвикува небезбедни и непосредно опасни ситуации | 51 | |

| II.2 | **Примена на правилата и прописите во сообраќајот** | | |
|---|---|---|---|
| а) | Движење со брзина над пропишаната | 51 | |
| б) | Непочитување на правилата за првенство за минување | 51 | |
| в) | Непрописно обиколување или престигнување | 30 | |
| г) | Непропуштање на пешаци на пешачки премин, на раскрсница или организирана колона од пешаци | 30 | |
| д) | Непрописна или неправилна употреба на светла во сообраќајот | 20 | |
| ѓ) | Непрописно или неправилно држење на растојание помеѓу возилата | 20 | |
| е) | Необезбедување странично безбедно растојание при движење покрај останатите учесници во сообраќајот | 30 | |
| ж) | Непочитување на светлосни сообраќајни знаци или знаци од униформирано службено лице | 51 | |
| з) | Непочитување на светлосни или звучни сообраќајни знаци на патен премин преку железничка пруга | 51 | |
| ѕ) | Непрописно престројување пред обележана или необележана крстосница | 20 | |
| и) | Непрописно свртување на крстосница и вклучување на страничен пат или во пропишана сообраќајна лента | 20 | |
| ј) | Непрописно разминување | 20 | |
| к) | Непрописна или неправилна употреба знаци за предупредување | 20 | |

**Вкупен број на негативни поени:** ___________
**Кандидатот** ______________________________________ **овој дел од испитот:**<u>**го полпжо/не го положи**</u>
(непотребното да се прецрта)
**ИСПИТНА КОМИСИЈА:**
**Претседател:** ____________________________, **испитивач:** ______________________________ **и**
**испитувач** _____________________________

**Образец бр. 3**

______________________________
(Испитен центар)
Бр. __________________________
______________ 20 ____ година
______________________________
(Место)

# У В Е Р Е Н И Е

## ЗА ПОЛОЖЕН ВОЗАЧКИ ИСПИТ

Кандидатот ____________________________________________, роден-а ______________ година, во __________________, со живеалиште/престојувалиште во ______________________________, полагал-а на ___________________година и со успех го положил-а возчакиот испит за управување со:

- моторно возило од категорија __________
- моторно возило од подкатегорија ______

(непотребното да се прецрта)

**Раководител на Испитен центар**

______________________________